Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва и на член 51 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на Друштвото, на седницата одржана на ден 16.4.2025 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

за распределба на добивка според Годишната сметка на РЕПЛЕК АД за 2024 година

(1) Се утврдува распределба на добивка според Годишната сметка за 2024 година

Нето-добивка по оданочување во 2024 година	166.180.317,00 МКД
Акумулирана добивка од минати години	72.256.555,00 МКД
Вкупно нераспределена добивка	**238.436.872,00 МКД**

Добивката се распоредува, и тоа:

1. Вкупна дивиденда 95.236.000,00 МКД

   Бруто-износ од 400,00 МКД по акција
   Нето-износ од 360,00 МКД по акција

2. Реинвестирана добивка, резервирано за инвестиции 27.060.000,00 МКД

3. Акумулирана добивка, останува 116.140.872,00 МКД

(2) Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното усвојување.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

_____

Образложение

На ден 7.3.2025 година Управниот одбор на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје на својата седница ја утврди Предлог-одлуката која на ден 16.4.2025 година, врз основа на член 383 и на член 384 од Законот за трговските друштва, како и на член 51 од став 2 алинеја 1 и 2 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје и ја поднесува како предлог до Собранието на акционери на усвојување.

Собранието на акционери, по разгледување на Консолидираната годишна сметка и на Финансискиот извештај на Реплек АД за 2024, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.